ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 10-174/9

Дата: 20.12.2010

ДО
ДИРЕКТОРОТ НА
ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ХЕМАТОЛОГИЈА СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хематологија Скопје (во натамошниот текст Универзитетска клиника) за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, ние не бевме во можност да изразиме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, како и за прашањата во врска со усогласеноста на активностите, финансиските трансакции, информациите со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики, рефлектирани во финансиските извештаи за 2009 година.

Во текот на ревизијата констатирано е дека Универзитетската клиника нема увид над реалниот потрошок на лекови и медицински материјали, нема евиденција за залихите на ниво на одделение, вкупно фактурираните/задолжените лекови и медицински материјали не можат да се споредат со реално потрошените, со што е оневозможено следењето на нивниот потрошок

и утврдување на одговорност во случај на отстапување на нивната состојба и постои можност од злоупотреба при нивно користење и располагање.
Поради ваквата состојба ревизијата препорачува надлежните органи за управување и раководење да превземат мерки за воспоставување на целосна материјална евиденција на лековите и медицинските материјали, на ниво на Универзитетската клиника и по одделенијата, односно следење на секој поединечен лек и медицински материјал од неговиот прием до неговиот потрошок.

Со воведувањето на новиот механизам на евидентирање и финансирање на болничките услуги наречен Дијагностичко сродни групи (ДСГ), Универзитетската клиниката во текот на 2009 година има потрошувачка на лекови и медицински материјал во износ од 274.356 илјади денари и истата е за 61% повисока од фактурираната реализација согласно методата на ДСГ. Ако се има во предвид дека лековите и медицинскиот материјал, се само дел од договорените услуги, може да се констатира дека има значително отстапување на референтните цени по методот на ДСГ, во однос на реалните трошоци на чинење на здравствените услуги. Ваквата состојба има влијание и врз утврдувањето на износот на надоместокот за вршење на здравствените услуги во болничката здравствена заштита за наредната година.
Надлежните институции Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и клиниките односно јавните здравствени установи кои се соочуваат со ваква состојба на значително отстапување на реалната потрошувачка на лекови и медицински материјали во однос на фактурираната реализација согласно методата на ДСГ, потребно е да превземат иницијатива и да предложат мерки и насоки за надминување на ваквата состојба. Исто така заради одржливост на системот и негова непречена практична имплементација, несакани последици по здравствените установи или по пациентите, потребно е да се предложат активности за неговото усовршување и надградба во соработка со сите учесници вклучени во ДСГ имплементацијата.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна 15-17 заедно со ревизија на усогласеност на Универзитетската клиника, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември 2009 година, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Универзитетската клиника за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од :

- Проф. Д-р Лидија Чевреска, вд Директор на Универзитетската клиника од 08.07.2008 година до 02.02.2009 година, а од 02.02.2009 година Директор на Универзитетската клиника и
- Дипл. економист, Петар Жупаноски, Директор на Универзитетската клиника од 02.02.2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање финансиските извештаи на кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Универзитетската клиника се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради прашањата опишани во делот „Цели и делокруг на ревизија„, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Не се обезбедени достатни и соодветни податоците за целосниот прием, потрошокот и залихата на лекови и медицински материјали и нивна евиденција на Универзитетската клиника. Евиденцијата на приемот и потрошокот на лековите и медицинските материјали во Болничката аптека не е целосна и не е идентична со прикажаните податоци во пресметките за извршените

здравствени услуги, доставени до Фондот за здравствено осигурување на Македонија (во понатамошниот текст ФЗОМ).
Воспоставената материјална евиденција по организациони единици не е целосна, не се води хронолошки, без цени за сите артикли при издавањето на лековите.
Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 21.06.2010 до 30.07.2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија на ден 04.10.2010 година.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор бр.10-174/3 од 10.11.2010 година.

### 3.1. Интерни контроли

**Процес на управување со готовинските средства**

3.1.1. Универзитетската клиника нема пишани процедури за процесот на наплата, уплата во благајна и пренос на готовинските средства на сметка на носителот на платниот промет и нивно евидентирање, како приход остварен по основ на извршени здравствени услуги за лица кои не се здравствено осигурени и по основ на партиципација. Поради отсуството на соодветни процедури и постапки за контрола на степенот на наплатените и уплатените средства по наведените основи, постои ризик од нецелосна евиденција на приливот и одливот на паричните средства во благајната како и ризик од нецелосност на прикажаните приходи.
Ревизијата со спроведените детални тестирања не констатира неправилности во однос на законското и наменското располагање со готовинските средства.

**Процес на управување и евидентирање на залихи**

3.1.2. Универзитетската клиника нема пишани процедури за процесот на прием, издавање, потрошок и евидентирање на залихата на лековите и медицинските потрошни материјали во рамките на Болничката аптека и во рамките на секоја организациона единица – дневна болница и одделение пооделно, заради постигнување целосна контрола во работењето врз основа на принципот на сигурен финансиски менаџмент. Ваквата состојба предизвикува ризик искажаните податоци да не ја отсликуваат реалната состојба на залихите на Универзитетската клиника како и нивниот потрошок во текот на годината и постои можност од злоупотреба при нивно користење и располагање.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со Универзитетската клиника да превземат мерки за донесување и воспоставување интерни акти, кои ќе овозможат имплементирање на процедури во сите сегменти од работењето.

## 3.2. Усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Актот за систематизација на работни места на Универзитетската клиника, како акт со кој се уредува внатрешната организација и систематизација на работните места, не предвидува опис и попис на работните места со кои ќе се утврдат работните задачи, одговорностите и овластувањата на вработените во организационите единици на Универзитетската клиника, што не е во согласност со член 12 од Статутот на Универзитетската клиника. Некомлетноста на наведениот акт придонесува Универзитетската клиника да нема извршено поделба на надлежностите и одговорностите во рамките на организационата поставеност.

Со донесувањето на Законот за јавните службеници, вработените кои вршат работи од јавен интерес во дејноста на здравството се јавни службеници.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење на Универзитетската клиника, актите за систематизација на работните места да ги усогласат со законот и подзаконските акти до 31.12.2010 година.

3.2.2. Универзитетската клиника нема основано Единица за внатрешна ревизија, што не е во согласност со член 29 и член 30 од Закон за јавна внатрешна финансиска контрола. Поради невоспоставена внатрешна ревизија, раководството на Универзитетската клиника нема информации за постоење и функционирање на интерните контроли, информации за веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните активности при работењето и усогласеноста со законите и подзаконските акти.

**Препорака:**
Работоводниот орган на Универзитетската клиника, во актите за систематизација на работните места да предвиди и да имлементира Единицата за внатрешна ревизија со цел обезбедување независно, разумно и објективно уверување и совет за подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола со поддршка за остварување на целите на субјектот.

3.2.3. Со ревизија на Договор за извршување и плаќање на здравствени услуги во болничката здравствена заштита, склучен помеѓу ФЗОМ и Универзитетската клиника, констатирано е следното:

- плаќањето на здравствените услуги е извршено во висина на надоместокот утврден со договорот, во износ од 364.419 илјади денари, а не во износот на реално извршените здравствени услуги од 166.440 илјади денари. Имено поради воспоставениот начин на фактурирање согласно методата на ДСГ (дијагностички сродни групи) искажана е помала реализација на извршените здравствени услуги во износ од 197.979 илјади денари, во однос на примените средства од страна на ФЗОМ, иако по вид и обем истите се извршени и
- плаќањето на здравствените услуги по ДСГ методата не овозможува Универзитетската клиника да ги покрие реалните трошоци за лекови и медицински материјали, во износ од 274.356 илјади денари. Универзитетската клиника со допис број 0302-47/1 од 22.01.2009 година доставила приговор до ФЗОМ и Министерство за здравство за утврдените разлики во висината на реалните трошоци на здравствените услуги и недостигот на средства кој ќе се јави со примена на методата на ДСГ. До денот на вршење на ревизијата не е добиен одговор од надлежните институции.

Како составен дел на реформите во системот на здравството во Република Македонија, започнувајќи од 01.01.2009 година, се

воведе нов механизам на евидентирање и финансирање на болничките услуги наречен Дијагностичко сродни групи (ДСГ).

Со цел да овозможи поефикасна употреба на ДСГ системот во Република Македонија, од страна на ФЗОМ формирана е Работна група за ДСГ, чија основна задача е да ја следи имплементацијата на системот и да учествува во неговото усовршување и надградба во соработка со сите учесници вклучени во ДСГ имплементацијата.

Со ревизијата на ДСГ системот, ревизијата констатира дека Универзитетската клиника за извршените здравствени услуги согласно методата на ДСГ, има потрошувачката на лекови и медицински материјал која е за 61% повисока од фактурираната реализација, поради тоа што утврдените референтните цени на здравствените услуги по методата на ДСГ не се на ниво на реалните трошоци на чинење на здравствените услуги.

Ваквата состојба има влијание и врз утврдувањето на износот на надоместокот за вршење на здравствените услуги во болничката здравствена заштита за наредната година. Имено, согласно член 4 од Правилникот за критериумите за склучување договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита, остварената вкупна вредност на видот и обемот на здравствените услуги искажани по ДСГ методата во тековната година е еден од појдовните основи за утврдувањето на износот на надоместокот за наредната година.

**Препорака:**

Надлежните институции Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и клиниките односно здравствени установи кои се соочуваат со ваква состојба на значително отстапување на реалната потрошувачка на лекови и медицински материјали во однос на фактурираната реализација согласно методата на ДСГ, потребно е да превземат иницијатива и предложат мерки и насоки за надминување на ваквата состојба. Исто така заради одржливост на системот и негова непречена практична имплементација, несакани последици по здравствените установи или по пациентите, потребно е да се предложат активности за неговото усовршување и надградба во соработка со сите учесници вклучени во ДСГ имплементацијата.

3.2.4. Извршивме ревизија на приемот, потрошокот и залихата на лекови и медицински материјали и нивна евиденција на Универзитетската клиника и констатиравме дека расходите по

овој основ, во текот на 2009 година, изнесуваат 296.583 илјади денари или 80,22% од вкупните расходи.

**Набавката** на лекови и медицински потрошен материјали се врши од страна на Болничка аптека (одделение во состав на Универзитетската клиника), со спроведување на постапки за јавна набавка преку Комисијата за јавна набавка при Универзитетската клиника. Набавката на дезинфекциони средства и лабораториски материјали во име и за сметка на Универзитетската клиника ги извршува Клиничка аптека (одделение во состав на Јавната установа од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетски клиники, завод и ургентен центар – Скопје).

**Испораката** на лекови и медицински материјали од Болничка аптека до секое одделение се врши врз основа на барања доставени од самите одделенија.

Евиденцијата на лекови и медицински материјали во одделенијата се врши рачно, односно **приемот** на лекови го евидентираат во „рачни приемни книги„, а **потрошокот** по пациент на болнички листи.

За извршените здравствени услуги се изработуваат **фактури,** кои паѓаат на товар на ФЗОМ или на товар на пациентите (приватни услуги) и истите се темелат на поединечните пресметки по пациент.

Ревизијата констатира дека за вкупниот прием и испорака на лековите и медицинските материјали од Болничка аптека до одделенија има финансиска и материјална евиденција, додека:

- нема евиденција за залихи на лекови и медицински материјали на ниво на одделение,
- нема евиденција за вкупниот потрошок на лекови и медицински материјали по пациенти (воспоставената евиденцијата за потрошени лекови по пациент, нуди податоци одделно по лице),
- вкупно фактурираните/задолжените лекови и медицински материјали неможат да се споредат со реално потрошените на ниво на Универзитетската клиника,

што не е во согласност со одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Со вака воспоставениот начин на евиденција, Универзитетската клиника нема увид над реалниот потрошок на лековите и медицинските материјали, над залихите во секое одделение

пооделно, оневозможено е следење на нивното трошење и утврдување на одговорност во случај на отстапување на нивната состојба, и постои можност од злоупотреба при нивно користење и располагање. Ваквата состојба има за ефект ограничување на делокругот, истиот е материјален, поради што ревизијата не беше во состојба да прибави достатни соодветни ревизорски докази за да изрази мислење за залихите и расходите на лековите и медицинските материјали.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со Универзитетската клиника да превземат мерки за воспоставување на целосна материјална евиденција на лековите и медицинските материјали, на ниво на Универзитетската клиника и по одделенијата, односно следење на секој поединечен лек и медицински материјал од неговиот прием до неговиот потрошок.

3.2.5. Склучена е Спогодба за уредување на меѓусебните односи во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност и за уредување на работниот однос на наставниците и соработниците помеѓу Медицинскиот факултет Скопје и Универзитетската клиника, согласно која лицата вработени во Универзитетската клиника, а избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања на Медицинскиот факултет (во понатамошниот текст лицата избрани во звања), правата и обврските од работен однос треба да ги остваруваат во двете установи, правото на плата и надоместоци на плата да го остваруваат сразмерно на работното време поминато во двете установи, а пресметката и исплатата треба да ја вршат двете установи, сразмерно на времето поминато на работа.

Ревизијата ги констатира следните состојби:

- лицата избрани во звања немаат засновано работен однос и немаат склучено договор за вработување со Медицинскиот факултет. Правата за плата и други права по основ на плата ги остваруваат согласно склучениот договор за работа со Универзитетската клиника, што не е во согласност со член 14 од наведената спогодба и член 28 од Законот за работни односи, согласно кој договорот за вработување треба да содржи одредби за висината на плата, сразмерно на одредбата дали се работи за работен однос со полно или пократко работно време,
- за вршење на наставно-научни, научни и високообразовна дејност за лицата избрани во звања, Медицинскиот факултет

на сметката на Универзитетската клиника трансферира средства за бруто плата во вкупен износ од 1.036 илјади денари. Универзитетската клиника дел од овие средства (нето износ) ги исплатува на лицата избрани во звања со посредство на друштво за заштита на авторски права. Остатокот од средствата за делот на придонесите од плата, останува како приход на Универзитетската клиника.

Поради не извршено разграничување на времето поминато на работа на Универзитетската клиника и на Медицинскиот факултет, како основа за исплата на плата и придонеси, не склучени договори за вработување, согласно спогодбата, на оваа категорија вработени Универзитетската клиника исплатила плата за полно работно време и во исто време и надоместок на плата за часови на работа поминати на Медицинскиот факултет.

**Препорака:**
Универзитетската клиника и Медицинскиот факултет да ги продолжат отпочнатите активности за склучување на поединечни договори за вработување со лицата избрани во звања во двете установи, сразмерно на времето поминато за вршење на соодветната дејност.

## 3.3. Користење на средства согласно законски прописи

3.3.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки, спроведени во 2008 и 2009 година, извршивме ревизија на 20 постапки од вкупно 22 спроведени постапки. Опфативме 83% од вредноста на склучените договори во износ од 492.843 илјади денари, при што констатиравме состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки, поради следново:

- членовите на Комисијата за јавни набавки немаат потпишано Изјави за постоење или непостоење на судир на интереси кои се составен дел од документацијата за соодветната постапка за јавна набавка, што не е во согласност со член 173 од Законот за јавни набавки;
- во шест постапки за јавна набавка, во износ 56.954 илјади денари кои се спроведени со преговарање без објавување на оглас, комисијата за јавни набавки, во извештајот од спроведената постапка не дава детално образложение за причините за спроведување на постапката со преговарање без објавување на оглас, како и за начинот на спроведување на

постапката. Утврдената состојба не е во согласност со член 99 точка 4 од Законот за јавни набавки и

- во известувачкиот период Универзитетската клиника има превземено обврски на име провизија за услуги за исплата на надоместок на лицата вработени во Универзитетската клиника, а избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања на Медицинскиот факултет, во вкупен износ од 764 илјади денари, по претходно склучени месечни договори без спроведена постапка за јавна набавка, што не е во согласност со член 17 од Законот за јавни набавки.

Несоодветното постапување во доделувањето на договорите за јавна набавка предизвикува можност од ненаменско и незаконско користење на средствата и не обезбедува фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со Универзитетската клиника да ги задолжат вработените одговорни за спроведување на постапките за јавни набавки и доделувањето на договорите за јавни набавки, континуирано да ги превземаат потребните активности за надминување на утврдените состојби и да обезбедат законско постапување во процесот на јавни набавки.

3.3.2. По спроведена постапка за јавна набавка на лекови склучени се договори со економски оператор за набавка на лек, по цена повисока од утврдената референтна цена од страна на ФЗОМ. Имено, референтните цени на лекови се формираат согласно Правилникот за начинот и методологијата за утврдување на референтни цени на лекови. ФЗОМ утврдува референтна цена на лек која преставува максимален износ кој ФЗОМ го надоместува и истата е задолжителна и за ФЗОМ и за сите здравствени установи, согласно член 18 од Правилникот за начинот и методологијата за утврдување на референтни цени на лекови.

Економскиот оператор со кој се склучени договорите се јавува како единствен понудувач на бараниот лек. Поради набавка на лекот по повисока цена од рефентната цена, Универзитетската клиника во текот на 2009 година има превземено обврски во повисок износ за 714 илјади денари, кои се обезбедени од сопствени извори. Набавката на лекот по повисока цена од рефентната цена продолжува и во текот на 2010 година. Доколку набавката на лекови се врши по цени повисоки од рефентните

цени, се доведува во прашање примената на член 37 од Законот за буџетите, согласно кој буџетските корисници се должни буџетските средства да ги користат наменски, рационално, економично и ефикасно. Здравствени установи ќе се доведат во состојба или да го набават лекот по повисока цена од рефентната и со тоа разликата во договорената цена да ја покриваат од сопствените извори на средства, со што се намалува нивната ликвидност, или поради повисоко понудената цена, да не извршат избор на економски оператор, односно да не го набават лекот, со што ќе го доведат во прашање нормалното функционирање на установата односно лекувањето на пациентите.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Универзитетската клиника, да го известат ФЗОМ, Управниот одбор и Комисијата за утврдување на предлог референтни цени за ваквите состојби, каде понудената цена за лекови од страна на економските оператори е единствено понудена, и во исто време е повисока од референтната цена, и да побараат корекции односно усогласување на утврдените референтни цени.

### Вкупни ефекти од наодите

Врз основа на изнесените констатации, кои се однесуваат на необезбедени достатни и соодветни податоците за приемот, потрошокот и залихата на лекови и медицински материјали и нивна евиденција на Универзитетската клиника, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорски заклучок.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2.4., ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не и изразуваме мислење за финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хематологија Скопје на ден 31 декември 2009 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Поради ограничувањето на делокругот објаснет во точката 3.2.4., ние не сме во можност да изразиме мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хематологија Скопје, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања на неизвесност

5.1. Владата на Република Македонија согласно Законот за здравствена заштита донесува и објавува Програми за здравствена заштита, со кои се утврдуваат мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување, како и финансиски средства за остварување на ниво на програма и тоа за осигурени и неосигурени лица, во обем на средствата одобрени од Буџетот на Република Македонија за тековната година.

Распределба на средствата на јавните здравствени установи по Програми и надзор на спроведување на истите врши Министерство за здравство.

Финансиските средства за остварување на целите по програми, се одобрени во вкупен износ на ниво на сите јавни здравствени установи. Ваквата состојба овозможува превземените активности/извршување на здравствени услуги по програми во обем да ги надминат одобрените средства, што има за последица неможност за наплата во целост на побарувањата на јавните здравствени установи од Министерство за здравство. Со ден 31.12.2009 година Универзитетската клиника има ненаплатени побарувања од Министерство за здравство за извршени здравствени услуги по Програми за здравствена заштита во износ од 7.829 иљади денари.

Скопје, 15.12.2010 година

Јавна здравствена установа

Универзитетска клиника за хематологија Скопје

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 4.408 | 5.709 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 366.363 | 330.130 |
| **Вкупно приходи** | | **370.771** | **335.839** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.3.1. | 45.916 | 42.541 |
| Стоки и услуги | 3.3.2. | 321.563 | 283.980 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **367.479** | **327.101** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.4.1. | 2.236 | 7.989 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **2.236** | **7.989** |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **369.715** | **335.090** |

**Јавна здравствена установа**
**Универзитетска клиника за хематологија Скопје**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 1.087 | 759 |
| Побарувања | 4.1.2. | 8.443 | 816 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.3. | 3 | 0 |
| Побарувања од вработените | 4.1.4. | 2 | 11 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.5. | 0 | 15 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.6. | 206.212 | 65.588 |
| Залихи | 4.1.7. | 50.540 | 46.872 |
| **Вкупно тековни средства** | | **266.287** | **114.061** |
| | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | | 149 | 96 |
| Материјални средства | 4.2.1. | 21.884 | 21.038 |
| **Вкупно постојани средства** | | **22.033** | **21.134** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **288.320** | **135.195** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 1.145 | 20.935 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.3.2. | 199.011 | 44.652 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.3. | 1 | 1 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.3.4. | 6.056 | 0 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.3.5. | 7 | 2 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.6. | 9.483 | 1.568 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **215.703** | **67.158** |
| | | | |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 72.617 | 68.037 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **72.617** | **68.037** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **288.320** | **135.195** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2009 година** | **21.165** | **46.872** | **68.037** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **4.390** | **3.746** | **8.136** |
| Набавка на постојани средства | 1.000 | - | **1.000** |
| Стекнување без надомест | 2.644 | - | **2.644** |
| Ревалоризација на амортизација | (867) | - | **(867)** |
| Ревалоризација на материјални и нематеријални средства | 1.613 | - | |
| Останати зголемувања | | 3.746 | |
| **Намалување по основ на:** | **(3.556)** | - | **(3.556)** |
| Амортизација на постојани средства | (3.475) | - | |
| Расход по попис | (81) | - | **(81)** |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **21.999** | **50.618** | **79.729** |